РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АКАДЕМИЈА ЗА СУДИИ И ЈАВНИ ОБВИНИТЕЛИ
„ПАВЕЛ ШАТЕВ“
Бр. 02-441/5
07.11.2024
С К О П Ј Е

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 1 и член 53 од Законот за Академија за судии и јавни обвинители („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.129/2023 и 53/2024), Управниот одбор на Академијата, на седницата одржана на 07.11.2024 година, донесе:

# ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИ

## Член 1

Во членот 3 став (1) од Правилникот за надоместоци (бр. 02-509/4 од 21.12.2023 година) по зборовите „Завршната комисија“ се додаваат зборовите „Комисиите за оценување на практичната настава,“.

## Член 2

Во членот 5, став (1), зборовите „член 2“ се заменуваат со зборовите „член 4“.

## Член 3

По членот 10 се додаваат нов наслов и два нови члена 10-а и 10-б кои гласат:

**„ Надоместоци за работата на комисиите за оценување на практичната настава**

**Член 10 -а**

(1) На членовите **на** комисиите за оценување на практичната настава им следува паричен надоместок согласно член 1 од овој Правилник.

(2) Висината на надоместокот на членовите/заменициите членови на Комисиите за оценување на практичната настава, се утврдува според следните параметри:

- оценување на изработен акт – 200,00 денари по акт и
- присуство на симулација на судење – 200,00 денари нето износ по слушател;

(3) Академијата го плаќа персоналниот данок за надоместокот од став 1 на овој член.

**Член 10-б**

За реализираните активности на комисиите за оценување на практичната настава за кои е предвидено исплаќање на надоместок, лице овластено од директорот доставува список за евидентирано присуство на членовите или заменициите на членовите на Комисиите, врз основа на што се врши исплата на надоместокот на комисиите."

**Член 4**

Во членот 11, по зборовите „Завршната комисија" се додаваат зборовите „и другите лица ангажирани во рамки на завршниот испит".

**Член 5**

Во членот 12 по ставот (2) се додава нов став 3, кој гласи: „(3) Професионалниот записничар од суд кој води записник за симулираните судења во рамките на завршниот испит добива надоместок од 150,00 денари по одржана симулација."

**Член 6**

Во членот 18 став (4) износот „3000,00' се заменува со износот „2000,00".

**Член 7**

По членот 18 се додава нов наслов и нов член 18-а кој гласат:

**„ Надомест за извршена работа на предавачите за потребите на практичната оценувањето на настава**

**18 – а**

(1) За подготовка на студиите на случај за изработка на кривична одлука, изработка на граѓанска одлука и изработка на обвинение, на предавачите им се исплатува надоместок од 300,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата, кој подразбира изготвување на 1 студија на случај, доколку истата е одобрена од Програмскиот совет на Академијата.

(2) За подготовка на граѓански и кривични студии на случаи за потребите на симулираното судење во рамките на практичната настава во Академијата на предавачите им се исплатува надоместок од 300,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата, за еден експертски ден кој подразбира изготвување на 1 студија на случај, доколку истата е одобрена од Програмскиот совет на Академијата.

(3) За изработка на упатства за предавачите за изготвување на студиите на случај за изработка на активностите од став 1 и 2, на предавачите им се исплатува надоместок од 1000,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата."

**Член 8**

(1) Во членот 19 став (1) по зборовите „5 усни прашања по студија на случај" се додаваат зборовите „доколку истите се одобрени од Програмскиот совет на Академијата".

(2) Во ставот (2) зборовите „и 5 усни прашања по студија на случај" се заменуваат со зборовите „доколку истите се одобрена од Програмскиот совет на Академијата."

(3) Ставот 3 се менува и гласи: „(3) За подготовка на прашања за усниот дел од

испитот во рамките на завршниот испит во почетна обука во Академијата, кои се однесуваат на судско-обвинителската етика и прашања за улогата и функцијата на судија и на јавен обвинител, според Законот за судови и Законот за јавно обвинителство, на предавачите им се исплатува надоместок од 2000,00 денари во нето износ кој подразбира изготвување на 50 прашања за судско-обвинителската етика и 2000,00 денари во нето износ кој подразбира изготвување на 50 прашања за улогата и функцијата на судија и на јавен обвинител.

(4) По ставот (3) се додава нов став 4, кој гласи: „(4) За изработка на Упатства за предавачите за изготвување на студиите на случај за изработка на активностите од ставовите (1) и (2) на овој член на предавачите им се исплатува надоместок од 1000,00 денари во нето износ со платен персонален данок на доход од страна на Академијата".

**Член 9**

Овој Правилник стапува на сила со денот на неговото донесување.

**Академија за судии и јавни обвинители**
**Павел Шатев**
**Претседател на Управен одбор,**
**Судија Беким Мехмеди**